EDUCATA

бул. Киро Глигоров бр. 2, кат 2
Премиум Бизнис Центар
Foundation.educata@gmail.com

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 18 И 22 од Статутот на Фондацијата ЕДУКАТА Скопје, член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, Програмата за работа на Фондацијата заведена со архивски број 02-3409/1 од 04.07.2022 година, Директорот на Фондацијата на ден ____________2023 година, го објави следниот

**КОНКУРС ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ**
**за доделување на 8 стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на државниот универзитет во Тетово, Република Северна Македонија запишани за прв пат на студиската 2023/2024 година**

**I.** Фондација ЕДУКАТА Скопје врши измена на "Конкурсот за доделување на 8 стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на државниот универзитет во Тетово, Република Северна Македонија запишани за прв пат на студиската 2023/2024 година" а во согласност со Правилникот за изменување и дополнување донесен од Генералниот директор на Државна видеолотарија на Република Македонија, заведен со архивски бр. 02-4909/3 од 09.10.2023 година.

**II. Со оваа измена и дополнување се врши зголемување на вкупниот број на стипендии, и истите ќе изнесуваат вкупно 10 стипендии.**

**Се додава нова ставка за доделување на стипендии и истата сега ќе гласи:**
"2 стипендии на Факултетот за медицински науки„

**III. Насловот на Конкурсот се менува и сега ќе гласи:**
"Конкурс за доделување на 10 стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на државниот универзитет во Тетово, Република Северна Македонија запишани за прв пат на студиската 2023/2024 година**."**

**III. Рокот за аплицирање и поднесување на пријава и документи се продолжува до 01.11.2023 година – Среда за сите апликанти.**

**Списокот на кандидати на кои им се доделува стипендијата ќе биде објавен на 20.11.2023 година на веб-страницата на Фондацијата**

**Фондацијата ЕДУКАТА Скопје**
**Директор**
**Оливер Арсовски**